СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

– *Постапка за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител со кој не живее/близок сродник-*

Марија е брачно дете, родена е во февруари 2012 година, ученичка е во 4 одделение. Нејзините родители Ненад од Куманово и Сања од Скопје се во брак од 2010 година. Двајцата се редовно вработени со просечни месечни приходи. Тие живееле во Куманово во стан сопственост на Ненад. Поради чести кавги и несогласувања како партнери пред три месеци мајката Сања заедно со детето го напуштила задничкиот дом со сопругот во Куманово и заминала да живеат во Скопје во куќата со нејзините родители, пензионери. Мајката ја презапишала Марија во училиште во Скопје и таа го продолжила воспитно образовниот процес. Марија е редовна и примерна на училиште, успешно го совладува наставниот материјал, брзо се вклопила во училишната средина.

На почетокот по разделбата на детето имало средби со таткото кои се остварувале во Скопје, еднаш неделно во траење од неколку часа. Последниот месец детето не остварило ниту една средба со таткото, родителите прекинале секаква комуникација, а таткото не успеал да оствари ниту телефонски контакт со Марија. Според мајката Сања детето одбивало средби и телефонски контакти со таткото.

Поради тоа што настанал целосен прекин на контактите со детето, таткото Ненад поднел барање во Центарот за социјална работа во Куманово за уредување на лични односи и непосредни контакти со детето кое живее во Скопје со својата мајка.